СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 август 1992 година

Скопје, август 1992 година

**48 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОДРЖАНА НА 24 АВГУСТ 1992 ГОДИНА**

ДИСКУТАНТИ

1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 10, 62
2. АРСОВ ДРАГИ - 32, 58
3. АЛИУ ХАМИД - 43
4. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 45, 48
5. АБДИ ФАИК - 49, 50
6. ГЛИГОРОВ КИРО - 4 ( ПЛАТФОРМА НА Р.МАКЕДОНИЈА ЗА КОНФЕРЕНЦИЈАТА ВО ЛОНДОН)
7. АНДОНОВ ГОЦЕ - 52,55
8. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 10, 11
9. КИРОВ ТАШКО - 23
10. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН – 55 - прилог
11. НАУМОВСКИ СЛАВЕ - 22
12. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 60
13. ПОПОВСКИ КИРО - 58
14. ПЕТРОВ ТОДОР - 38
15. ПРЕВАЛА ШАБАН - 29
16. СЕЛМАНИ НЕИМ - 19, 20
17. ТРПЕНОВСКИ ДУШАН - 15
18. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР -27

КРАЈ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четириесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 август 1992 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам Четириесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Наќе Стојановски, Љубисав Иванов, Абдурахман Алити, Петар Темелковски, Душко Арсовски, Јаќим Ивановски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници ви Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За денешната седница поканети се претседателот на Република Македонија Киро Глигоров, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Ве известувам дека пратеникот Тодор Петров, поднесе барање за свикување на продолжението на Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија за 24 и 25 август односно да биде најдоцна до 26 август 1992 година.

Ве известувам дека во врска со Законот за грбот на Република Македонија беше договорено пратеничките групи да направат дополнителни консултации и да се усогласат.

I/2 ДВ/НД

До денес такво известување немам добиено затоа во врска со Законот за грбот предлагам Комисијата за уставни прашања утре да ја продолжи својата седница во утрешниот ден и тоа со почеток во 11,00 часот.

Во врска со законите за државјанството, личната карта и патните исправи ве известувам дека во меѓувреме се добиени амандмани за кои треба претходно да расправаат надлежните комисии. Поради тоа предлагам Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и ЗПК да одржат седници по можност утре.

Од овие причини предлагам претседателите нека си закажат во колку ќе ги држат седниците.

Од овие причини предлагам Четириесет и првата седница да ја закажеме дополнително, откако ќе завршат со работа комисиите.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека овој предлог е усвоен.

Четириесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија е свикана заради разгледување на Текстот на Платформата на Република Македонија за конференцијата за поранешна Југославија што ќе одржи во Лондон од 26 до 28 август 1992 година, на која е поканет и ќе ја претставува Република Македонија, претседателот на Република Македонија, господинот Киро Глигоров.

Тргнувајќи од значењето на оваа Конференција особено за Република Македонија, за Платформата за разговорите претседателот на Република Македонија направи широки консултации. За таа цел  на денешната

седница Собранието ќе се произнесе по Текстот на Платформата што на претседателот на Република Македонија значително ќе му користи во разговорите на Лондонската конференција како легитимен претставник на Република Македонија.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

- Платформа на Република Македонија за Конференцијата за поранешна Југославија што ќе се одржи во Лондон од 26 до 28 август 1992 година.

Со оглед на карактерот и значењето на прашањето што се предлага да се разгледува, на денешната седница предлагам да нема предлози за изменување и дополнување на дневниот ред.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на дневниот ред.

Платформа на Република Македонија за Конференцијата за поранешна Југославија што ќе се одржи во Лондон од 26 до 28 август 1992 година.

Платформата на Република Македонија за Конференцијата за поранешна Југославија што ќе се одржи во Лондон од 26 до 28 август 1992 година, Предлогот на Платформата на Република Македонија за меѓународната мировна конференција за поранешна Југославија што ќе се одржи во Лондон од 26 до 28 август 1992 година, доставена од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Белешката до Работно - консултативниот состанок во врска со утврдувањето на Платформата на Република Македонија на конференцијата за поранешна Југославија одржана на 19 август 1992

година и Извештајот на Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Со оглед на времето кое го имаме на располагање и со цел за ефикасно и рационално работење на Собранието, а исто така да остане доволно време на претседателот после седницата да ги проучи сите сугестии и предлози бидејќи утре наутро ќе замине за Лондон, предлагам во расправата секој пратеник што ќе учествува да учествува само еднаш и тоа во траење само 10 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали некој е против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Има збор господинот Киро Глигоров, претседател на Република Македонија кој ќе даде неколку уводни напомени.

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Почитувано претседателство, уважени пратеници,

Како што ветив кога беше дебатата за надворешно - политичката ситуација и нашата политика во таа сфера дека за Конференцијата во Лондон ќе бидете информирани и со предлог на една рамковна стратегија, рамковна платформа која во себе ќе содржи некои основни вредности или точки на нашата вкупна стратегија и во тие рамки се разбира јас и соработниците кои ќе бидат со мене на Лондонската конференција треба да ги застапуваме интересите на нашата Република.

Врз ваквата ориентација јас се ориентирав по позивот од Лордот Карингтон кој патем гласаше на Киро Глигоров претседател на Република Македонија.

I/5

Се ориентирав најнапред, надлежниот орган кој го задолжи и Владата, тоа е Министерството за односи со странство да подготви еден предлог - текст за платформата со која нашата делегација ќе настапува во Лондон. Таа тоа го стори. Вие го имате тој текст.

Во подготовка на нашиот настап најнапред се изјасни Владата, ми ги достави своите мислења и сугестии кои се корисни.

Второ, одржав односно присуствував на разговорот што претставниците од сите парламентарни групи кажаа во врска со самата Платформа, исто така со корисни сугестии. Потоа извршив и консултации и со вонпарламентарните партии. Извршив и консултација со некои наши општественици, писатели, историрачи и оние правници кои се занимаваат со историјата на државно - правната положба на Македонија и со одделни личности кои сметав дека може да придонесат доколку бидат запознаени со Платформата, да ги дадат своите видувања. Во тој поглед има едно богатство од сугестии кои за нашето практично дејствување имаат големо значење, но во основните свои видувања сите ја поддржуваат таа рамковна основа на нашето настапување во Лондон.

Најпосле и денешната дебата има големо значеше за да се слушната сите предлози и сугестии од нашиот Парламент.

Што е всушност значајно за нашата држава.

1. Значајно е да присуствуваме на таа конференција и мислам дека сите дилеми во врска со тоа отпаѓаат. Ние таму ќе учествуваме како рамноправен учесник и чинител на таа Конференција што е за прв пат во нашата понова историја, и тоа, се разбира од големо значење. Не сме во позиција некој без нас да одлучува за нашата судбина. Во тој поглед сме и во поповолна позиција отколку, а кажеме, кога за нас одлучуваше Европската заедница овластена од КЕБС, но без можност освен да пратиме

писмо, наше мислење итн. без можност да слушнеме во што се состојат проблемите за признавањето на Република Македонија, со нивните одговори кои во таков случај би уследиле. Сега тоа не е случај.

2. Мислам дека е битно да се однесуваме во секој поглед како суверена и самостојна држава, независна која се однесува на таа конференција и како член на таа конференција и како член подготвен да ја прифати целата одговорност како член на ОН. Да имаме такво однесување како да е и признавањето завршено и да сме веќе членки во ЌЕБС, ОН и други институции.

3. Треба да бидеме активни учесници во решавањето на сите прашања кои ќе бидат на дневен ред при што ќе бидат предмет на расправа, не само прашањето за кое сме, се разбира, најмногу заинтересирани за меѓународното признавање на Македонија. Зошто? Затоа што сите тие прашања посредно или непосредно ќе влијаат на позицијата на Македонија на нејзината меѓународна положба на евентуалните последици од одлуките на таа конференција. Според тоа сметам и тоа треба да биде еден знак дека ние сме и рамноправен член и расправаме за се она што може, како што реков,директно или индиректно да ги тангира интересите на нашата Република.

4. Основно е, се разбира, Македонија да се избори за своето меѓународно признавање да се забрза тој процес кој веќе е во тек и да станеме членка на ОН, на ЌЕБС и на сите други меѓународни организации. Како резултат од Лондонската конференција тоа е она што целиот народ го очекува па и ние. И без оглед што на таа конференција, особено во прво време ќе доминира прашањето за војната и мирот и ситуацијата во БиХ, ние треба ова прашање постојано да го држиме на преден план и да биде предмет на разгледување и разрешување.

5. Да се заложиме за прекин на војната -и за мир во бившите југословенски простори и за мир во Балканот. Во тој поглед да имаме јасни ставови како ги оценуваме воените настани во Југославија, кои се тие кои ги поттикнаа, кои се агресори кои ја носат најголемата вина итн. а најпосле тука е и Резолуцијата на ОН 771 која бара и одговорност за учесниците во војната.

6. Да се залагаме за човечките права поединечни и колективни, за соживот врз рамноправни основи на измешаниот повеќенационален Балкан. Тоа е една од клучните точки и на Конференцијата и на сегашниот и идниот мир на овие простори на Балканот во целина.

7. Со одлуката на Бадинтеровата комисија ние сме наследници, заедно со останатите републики на бивша Југославија, рамноправни наследници но бидејќи е тоа одлука на Бадинтеровата комисија ќе треба да се бориме тоа да биде и одлука на Лондонската конференција што исто така е од извонредно значење за нас и,,нашата меѓународна положба.

8. За меѓусебно признавање на републиките како резултат на тој процес на преговарање на Лондонската конференција и откако, се разбира, се создадат сите потребни услови за тоа.

9. Во секоја фаза на Конференцијата ние треба да имаме свои конкретни предлози во функција на остварување на напред изнесените појдовни основи. Како пример само да кажам, меѓународно признавање на границите на поранешните југословенски републики, противење на тоа етнички чистења да се земаат како свршен факт, потоа неизбежноста на една широка меѓународна, економска, техничка и секоја друга помош за да не дојде до формално потпишување на мирот, ако биде да се надеваме

дека така ќе биде, а после тоа да настанат нови проблеми и нови меѓунационални и пред се социјални судири и од мирот пак да не остане ништо и Балканот да остане отворена карта пак со разно разни војувања спротивставување, полигон за пресметки итн. Според тоа и тоа е едно од многу. значајните по мое мислење точки, кои би требало со конкретни предлози на таа Конференција нашата делегација со нашите настапи да се залага.

Врз оваа основа се што е потребно во вид на конкретна разработка или е завршено или е во тек, а сето останато по мое мислење во овие рамки останува прашање на тактика, на секојдневна непрекидна грижа, следење на се што станува со максимум можни информации и правовремено дејствување кое е неопходно таму дневно да се врши и во секој час, но во исто време да бидеме подготвени и за оној подолгорочен труд кој мора да се вложи во работните групи за да се расчистат сите прашања и да се подготват сите нужни документи. Се разбира за се ова што ќе станува на Конференцијата и после неа правовремена да биде известувам Парламентот и нашата јавност. Само по себе се разбира дека никаков договор не може да се потпишува без согласност на Парламентот.

Се што би сакал уште да напомнам тоа е дека од огромно значење беше за поправање на нашата позиција во борбата за меѓународно признавање на Македонија и вкупната наша положба и тоа. што Парламентот се искажа на таков начин како се искажа единствен и од гледна точка на парламентарните групи и од партиската определба и од различните националности застапени во Парламентот кога донесовме декларација со која се отфрли онаа точка која бара промена на  името на

Нашата Република. Мислам дека и денеска е неопходно и нужно во тој поглед максимално да се потрудиме да придонесеме на Делегацијата што ќе настапува таму со свои идеи, сугестии и предлози да бидеме што поуспешни и од друга страна да произлезе од таа наша расправа дека и во овој поглед, во поглед на настапот, основните определби и она што очекуваме од таа Конференција да демонстрираме полно единство.

II/1/ ПЈ/ЛБ

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Мислам дека ако сакаме добро на Република Македонија , тогаш секој од нас може да прифати и ставови и мислења на други, без при тоа да има резерва во однос на тоа како понатаму ќе остане неговата позиција. Сакам да констатирам дека имам мала забелешка во однос на квалитетот на изготвениот документ, кој што е понуден од Владата на Република Македонија. Останува впечаток дека Платформата нормално се подразбира дека треба да биде само една ориентација, не текст кој што ќе биде прочитан и доставен таму во Лондон ,не дава јасен став,-односно не ги одредува рамките во смисла на она што може да претставува оптимистичка опција, една позиција за која што ќе се разговара во Лондон и онаа најлошата песимистичката. Мислам дека токму и тоа треба да го содржи, бидејќи овој документ треба да биде рамка за оние што ќе разговараат како треба да ги застапуваат интересите на Република Македонија. Некои прашања се премногу отворени, некои цели се наброени, меѓутоа не дообјаснети во однос на тактичкиот дел, па дури не се јасни и како стратешка цел до крај. Сакајќи да дадеме како партија, чии претставник сум и овде во Парламентот, како пратеник, придонес по ова прашање ние денес одржавме вонреден состанок на претседателството на нашата партија и при тоа оценивме дека ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде нема партиски ставови, само ваши.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Ве молам малку за едно однесување .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, точно тоа да го користите времето што ви следува за расправа во склад со деловникот. Партиски соопштенија се даваат надвор од салата.

II/2

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Вие и не сочекавте да кажам во кој контекст.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Навреме треба да ви укажам, инаку, тој контекст ако се развие треба да ви го одземат зборот.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Во ред, ако сте видовит, можеби вас треба да ве испратиме во Лондон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не е ваша работа кој ќе оди во Лондон.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Затоа, како мој став пратенички ќе се послужам со текстот од вториот дел кој што господин Васил Топурковски го има објавено во денешна "Нова Македонија". Тоа е мојот личен став. Можеби нај- значајното прашање во врска со Лондонската конференција се целите што таа треба да ги постигне. Во овој контекст мора да се истражуваат сите возможни ситуации, сите евентуални сценарија и да се бараат од- говори на бројните прашања. Едно од централните прашања, се разбира ќе биде крајот на непријателствата во БиХ. Ова има конјуктурни димензии врзано за прекинот на огнот, механизмите и инфраструктурата за негова имплементација, но секако има и потрајни, може да се каже геостратешки аспекти што ќе ги допираат интересите на сите држави на бившиот југословенски простор па и пошироко. Ние мораме да бидеме способни да процениме, врз база на кој формули е возможен крајот на непријателствата во Босна и Херцеговина. Формулата што би требало да се наметне сама по себе, зачувување на територијалниот интегритет и целосниот субјективитет на меѓународно признатa држава Б и Х крајно отежнато кореспондира со реалните состојби. Се разбира, меѓународната заедница ќе инсистира врз оваа формула, но

II/3

нејзината површинска содржина не мора сама по себе да одговара на суштинските решенија. Ова е затоа што во таа иста меѓународна заедница практично е легализирана и онаа солуција што базира на кантонизација на Б и Х. Јасно е .меѓутоа, дека етнички очистените кантони и нивната нова етничка компактност не нудат трајна стабилност на Б и Х туку спротивно забрзано распаѓање и поделба. Ваков расплет во политичка смисла неможе да биде прифатлив за меѓународната заедница, но што ако тој самиот е политиката на таа заедница? Дали во тој расплет се ситу.ирани концесиите за Србија и Хрватска заради потребата од нивна пацификација? Дали е тука крајот на концесиите или е возможно тие да се прават и на сметка и на други субјекти, вклучувајќи ја и Република Македонија? Овие прашања мора да добијат аргументирани одговори. Во овие прашања се крие крајната цел на Лондонската конференција. А сето тоа на судбински начин задира во интересите на Република Македонија. Во сето ова не е спорно дека на Европа и е неопходен мир. Европските фактори, пред се Европската заедница во мир имаат историска шанса за пенетрација на исток што во економска смисла може да има трајни и решавачки последици за односите во триаголникот САД - Европска заедница- Јапонија. Ова меѓутоа, доминантно ќе го отежнува трагањето за мирот на овие простори, затоа што крупните фактори во меѓународната сфера едноставно нема да допуштаат ништо што е во коалиција со нивните интереси.

Не смее да се потцени ни значењето на доктринарниот пристап на најзначајните фактори, кои што во смисла на стабилизирање на балканскиот простор, сеуште доаѓаат до концепцијата за рамнотежа на силите. Она што ќе ги отежни балканските прилики, а со тоа и меѓународната положба на Република Македонија е недвосмисленото сознание од современата историја, дека конспелацијата на рамнотежа на силите се продуцира и во пракса никогаш не се создава спонтано.

II/4

Главните експоненти на политиката на рамнотежата на силите, САД и ССР, се разбира се наоѓаат во различни ситуации, но амбициите на Руската федерација да го консолидираат своето присуство на Балканот, индицира дека сеуште е возможно продуцирање на рамнотежа на силите на овој простор. Бидејќи сама по себе или спонтано, со распадот на СФРЈ таква констатација веќе не постои, нејзиното продуцирање токму заради изменетиот квалитет во односите САД - Руска федерација би створило крупни поместувања во балканските односи и пошироко што нема автоматски да води кон стабилност во регионот.

Република Македонија, едноставно речено, мора да го осознае одговорот на прашањето за тоа кој се целите на Лондонската конференција уште пред нејзиниот почеток. Само на тој начин постојат шанси да ги заштитиме сопствените интереси. До колку, на Лондонската конференција се промовира пристапот на патцификација и концесии, заради тоа ќе преовладее арбитрерноста на посилните, и во крајна линија нивниот инстинкт да се договорат во склад на нивните претстави за интересите на сите останати.

На Република Македонија и одговара конференција што ќе обезбеди мир во БиХ и ќе отвори процент на надминување на затегнатите односи на Балканот. На Република Македонија и одговара конференција што ќе ги канализира прашањата на државно - правната сукцесија на бивша Југославија, меѓународниот статус на новите држави бивши членки на Југословенската федерација и нивните меѓусебни односи. На Република Македонија и договара конференција што по сите овие прашања ќе задржи мултилатерален карактер и ќе ги третира како меѓународни проблеми, односно проблеми на меѓународните односи. Вака поставена конференција ќе ја зајакне вкупната положба на Република Македонија. Таа .ќе отвори процеси на фактично признавање и непречена комуникација со вкупните

фактори во меѓународната сфера- Таква конференција ќе овозможи пробивање и слушаност на нашите аргументи, односно на нашата експликација за сопствените состојби и интереси. Овие интереси можат да се реализираат ако Лондонската конференција се претвори во еден мировен процес што нужно потоа ќе го адресира своето внимание кон неговите разнородни аспекти.

Позитивната тензија на мировниот процес инаугуриран со Лондонската конференција ќе им биде прифатлива на најголем број нејзини учеснички. До тоа може да се стигне со аргументиран настап по сите суштински содржини на крупните проблеми на бившиот југословенски простор и на Балканот. Ваквиот пристап не подразбира релативизирање на нашите конкретни интереси, туку едноставно поаѓа од логиката дека најлесно ќе ги оствариме оние наши интереси што можат да се генерализираат како карактеристични за вкупните состојби во регионот.

Република Македонија треба на Лондонската конференција да оствари динамична активност. Своето присуство да го легитимира низ конкретни иницијативи. Кога се работи за крајот на непријателствата во Б и Х, и пошироко, Република Македонија има морално право, но и практичен интерес за сопствена иницијативност. Би било добро во таа смисла да предложиме потпишување на меѓународен акт за мир, ненапагање, откажување од употреба и закана со сила, неповредливост на границите и соработка во односите помеѓу бившите Југословенски Републики. Овој акт би требало да ги добие гаранциите на сите учесници на Лондонската конференција и на Конференцијата како мултилатерална меѓународна инстанца. Со него би требало да се проицира тенденција на проширување на договорните страни во сите соседни земји.

II/6

Кога станува збор за меѓународниот статус на бившите Југословенски републики како едно од крупните прашања на вкупната стабилност на регионот, Република Македонија треба да предложи сите републики взаемно да се приознаат. Овој предлог треба да содржи и иницијатива за колективно признавање на новонастанатите држави од страна на Лондонската конференција.

За прашањата на супцесијата на бивша Југославија, Република Македонија треба да предложи меѓународна арбитража . На тој начин ќе се забрза процесот на сукцесијата, а донесените одлуки да се извршат.

Конечно, Република Македонија елаборирајќи ја конкретно и документирано состојбата сврзана со економското назадвување заради војната, треба да иницира стварање на посебна меѓународна групација, козорциум на држави и меѓународни организации што ќе обезбедат помош, подршка и финансиски средства за ревалитизирање на стопанството во регионот.

Република Македонија не смее да дозволи никакво омаловажување на нејзиното државно достоинство или било каков облик на нерамноправен третман на Лондонската конференција.

Мислам дека ограничувањето на времето за вакви прашања е смешно и неодговорно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Голубовски вашето време истече.

Молам, следните говорници да се држат до договореното време, Собранието кога нешто ќе одлучи, тоа е веќе ред на секого.

**ДУШАН ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, се сложувам со глобалните определби околу Платформата за разговорите во Лондон што ги изнесе претседателот на Републиката. Во оваа прилика сакам да кажам дека меѓународните мировни конференции, по правило, се свикуваат со

II/7

убедување дека ќе се постигне мир. И Лондонската конференцијата што ја свикува Европската заедница, односно Британското претседателство, се свикува со убедување дека ќесе интензивира процесот на политичко разрешување на југословенската криза. Тоа што на Лондонската конференција, покрај европските посредници, ќе се присутни и посредници од Обединетите нации, ЌЕБС, САД и други, значи дека тоа не ќе биде една нова раскажувална за Југославија покритие за неспособноста за Европската заедница да ја разреши ЈУ кризата со политички средства, односно нејзина неспособност да по- сегне и по други потенцијално, поефикасни средства. Значи, во среда се отвора нова фаза на мировниот процес, со це«г--да се утврди еден арсенал на принципи како основи за разрешување на југословенската криза. При тоа, на чело на арсеналот на тие принципи и во оваа прилика треба да биде веќе прокламираниот принцип, непроменливост на границите со примена на сила. Во тој контекст и заштитата на правата на етничките малцинства. Но, познато е дека на овие принципи свечено се обврзуваат бројни шефови на дршш-ите на бивша Југославија со голема леснотија и со исто толку голема леснотија се откажуваат од истите принципи. Можно е и на оваа конференција тоа лесно да се стори. Ова, затоа што учесниците во мировните преговори, одат на мировни преговори релативно задоволни. Имено, Хрватска е задоволна со признавањето на независноста , со она што го зазеде во Херцеговина како надокнада за она што го загуби во краина. А Србија е најповеќе со она што го запоседна во Хрватска и она што го има запоседнато во Босна. Меѓутоа, што се однесува за Босна прифаќање на кантонизација на Босна и на секој предел на бившата ЈУ држава, значи на прифаќање на променливост на граници со примена на сила. Тоа значи отстапување од веќе зацртаните принципи на Европската заедница. Исто така, мораме да имаме предвид

дека во Лондон се оди со многу свршени работи  кои не можат да се подвргнат под третманот на принципот неприменливост на сила , заради тоа што и со сила се изменети одредени состојби, односно правени се промени на границите.

Сега едно прашање, дали меѓународната заедница на Лондон- ската конференција е спремна да ја плати цената на принципот не при- мена на сила и непроменливост на границите со примена на сила. Мислам дека во Лондон треба да се стави до знаење на актерите на примена ан сила дека силата може да се спречи само со сила. Тоа е едно.

Второ, дека право на примена на сила има само меѓународната заедница по меѓународното право спрема оние актери кои што применуваат сила. Тоа е најнедоброто решение, бидејќи има највисока цена и за Европската заедница и за носителите на примената на сила. Мислам дека ние како Македонија треба да останеме доследни на принципите на Европската заедница и Меѓународната заедница, непроменливост на границите, примена на политички средства, политички дијалог и одбивање неприфаќање на примена на сила.

Што се однесува до Македонија мислам дека Македонија оди во Лондон како независна и суверена држава. Оди со голема политичка волја на граѓаните на Македонија за суверена и самостојна држава. Оди со граѓански Устав. Оди со суверенитет спечален во мирни, демократски средства и без примена на сила. Оди со Одлука на Бадинтеровата комисија дека постапила спрема принципите на Европската заедница. Мислам дека и во Лондон треба да се каже дека самата Европска заедница при формирање на арбитражната комисија запиша дека одлуката на арбитражната комисија е конечна, обврзна, без право на жалба, странките во судирите мора да се повинуваат на одлуката на Комисијата. Мислам

дека во тој контекст Европската заедница отстапи, бидејќи таа и не беше странка во постапката.

Што се однесува за името мислам дека е јасно, ние имаме декларација и тоа е чисто внатрешна работа на Република Македонија По другите работи не би сакал да зборувам, зошто мислам дека се доволно јасни.

III/1.- СД/ЉР

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Дами и господо, без сомнение дека Конференцијата во Лондон е една од историските конференции во која што ќе се решава судбината на сите народи на овие простори и какви решенија ќе следат на таа конференција, дали некому ќе му се допадне или не, тоа така ќе биде. Во историјата на човештвото такви конференции две во последниов век тоа е онаа која што се однесува на последната светска војна, односно втората светска војна и Конференцијата што се одржа и по новата светска војна. Меѓутоа, разликата е во тоа што на двете конференции кои што беа одржани порано, агресорот беше војнички поразен и^беше изваден пред суд, а овде се прави еден мал исклучок, за историјата е тоа голем исклучок, агресорот не е изведен пред суд, туку тој ќе биде рамноправен учесник во разговорите и покрај тоа што израснаа сите настани и нереди на човештвото во последно време.

Конференцијата се одржува, рековме агресорот не е тука, и да го цитирам и нашиот колега кога рече дека тука е мртовецот и треба да го закопаме, а не е тука, ист ќе испадне сега случајот со агресорот кој што мора да се нагласи гласно и јасно дека тој е Србија.

Она што е основно затоа што ние како Република Македонија е како ние на оваа конференција ние ќе настапиме и со каква платформа. Дали еднаш за секогаш ќе бидеме со отворени очи и срца едни према други и да се погледаме како рамноправни субјекти со исти права и обврски кои пак едно ќе зборуваме,а за друго ќе се залагаме:за да и понатаму ги сочуваме старите позиции. Наместо проблемите да ги решаваме сами во овој

III/2.-

Парламент, во оваа држава ние иако да сакаме тие проблеми да ги решаваат друг и како сме свесни дека тоа мораме да го направиме сами. Како можеме да коментираме кога основните системски закони се донесуваат без присуство без албанците, а практично со тие закони се решаваат и дел од правата и обврските на албанците во оваа држава. Колку ќе има практична примена баш тие закони практично на Лондонската конференција се оди хендикепирано со несредена куќа,а бараме некој друг да ни помага. Се усвојува химната на државата без албанците која што според мене е чисто национална химна иако заборавиме дека токму во таа химна проблемите започнуваат, кога во таа химна се нагласуваат само народите од словенско потекло и оттука ми се чини и започна токму војната во Југославија. Тоа го заборавивме а веројатно и тие мислат дека се многу јаки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се концентрираме на платформата, ве молам.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

И токму и ние така мислиме дека можеме такви закони да носиме без присуство на албанците. Како можеме да го коментираме законот за државјанство, отиде во Лондон, а закон не е усвоен. Постојано ВМРО-ДПМНЕ бара таа седница да се продолжи, јас со тоа се согласувам, тие закони мора да се донесат. Не може кога тој Закон ќе се усвои 70% албанците во своите огништа ќе бидат и ќе се сметаат како избеглици на своите простории да не зборуваме за другите закони кои што се во тек. Ова не сакам да го коментирам кога на последната седница на Владата на Македонија инсистираа и апелираа за Лондонската конференција сакајќи она да не прифати поинакво уредување на државното уредување. Иако

III/3.-

оваа Влада и овој Парламент ги усвои документите на Хашката конференција во кои меѓу другото назначува за повеќе националните средини како треба да изгледа и како треба да се уредува државното уредвуање. Меѓутоа, тоа не го сакаме, бидејќи не ни одговара а тоа што може за мене, може и за себе и обратно. Меѓутоа, тоа е тоа, според тоа што тоа . тој. што не сака по инакво уредуваше на државата, тогаш е должен има обврска да ги почитува сите закони и меѓународни акти кои што не обврзуваат и како држава и како парламент.

Посебно:за Платформата сакам да истакнам дека во точката 2 на Платформата не е доволно назначено кој е виновник во целата состојба во Југославија. Мора Македонија едногласно и гласно да се каже дека Србија исклучително виновник за таа состојба- Веројатно има тука и други кои што и помагале, меѓутоа §а Србија мора тоа да се каже. И не смееме да бидеме молчеливи и да се плашиме од една Србија па макар како и да се заврши, воопшто не е важно.

Исто така во Платформата нора да се назначи целата состојба практично уривањето на Југославија почна на Косово и таму мора да заврши. Тоа мора да стои во Платформата и тоа не е воопшто назначено.

Исто така во Платформата стои дека Република Македонија ги почитува сите санкции на Резолуцијата 757, што според мене не е точно. Се согласувам дека тука имало и други причини, сигурно тука било во прашање страв, меѓутоа мора да кажеме дека добар дел на раководни места во Македонија со телото се во Македонија, со душата се во Србија и тука не е назначено дека Македонија е една од причините после Грција која што му

III/4.-

помага на Србија е и Македонија и Румунија. Практично да беа сите санкции од Резолуцијата спроведени на време веројатно и состојбата во Србија не може да биде денеска ваква и таа да биде рамноправен учесник на Лондонската конференција туку ќе беше и поразена војнички и поинаку ќе можеше да се решава на таа конференција, а на еден ваков. начин тешко ќе може да се речи дека ќе има некој став иако пред време не сакам да ги прпдуцирам таквите прашања.-

**СЛАВЕ НАУМОВСКИ:**

Несомнено Лондонската конференција за поранешна Југославија е од големо значење за независна Република Македонија по бројот значајноста и карактерот на земјите учеснички на Конференцијата би ја нарекол светска конференција за поранешна Југославија. Оттука и учеството на Република Македонија на конференцијата е од исклучително значеше на патот на меѓународното признаваше на независно<з,з?а на Република Македонија. Колку е почитувана Република Македонија и политиката што досега ја води зборуваат и бројните посети што во последно време тоа го прават првите луѓе на Европската заедница, ЌЕБС бројни и лични пратеници на шефови на држави, амбасадори од една страна и Дипломатската активност на надворешен план на наши претставници од друга страна. Овие контакти не прават оптимисти ме прават да верувам дека Лондонската конференција Република Македонија ќе биде рамноправно третирана, а со тоа и дефакто призната на учесниците на конференцијата. СЕ разбира дека на Конференцијата по актуелноста на настаните има примерно значење ќе имаат проблемите во Босна и Херцеговина, Хрватска и состојбата во Косово а потоа и Република Македонија, што зборува дека ние не треба да

III/5.-

се врзуваме за крајната цел на Конференцијата по судбината на Република Македонија. Во изминатиот период за мене две важни состојби кои порано знаевме да ги критикувавме кога станувaше збор за надворешната политика. Првата е неминовната широчина на земјите учеснички на конференцијата, во случајот по третманот за свет- ската конференција за поранешна Југославија и нејзините учеснички на европската заедница кон која се насочивме со само еден од партнерите за разговор и всушност се тие дополнителните или алтернативните активности за кои се залагавме да ги прави нашата дипломатија.

Втората, и широките консулрации претседателот Киро Глигоров ги направи со политичките, јавните и научните субјекти во Републиката за значењето на конференцијата.

На крајот сакам да кажам дека елементите на Платформата за настан на Република Македонија на Конференцијата се одраз на државните цели на Република Македонија. Верувам дека зад претставниците на Република Македонија зад оваа Платформа ќе застанеме единствено, со тоа ќе ја покажеме иврстината на настапот на нашата делегација.

**ТАШКО КИРОВ:**

Дами и господо материјалот кој е доставен од страна на Владата како платформа на Република Македонија за конференцијата за поранешна Југославија која ќе се одржи во Лондон по мое размислување во целост ја опфаќа во определбите на Македонија, определби- те на ова Собрание нормално со одлуките кои што ги донело. Оттука и појдовните основи на оваа Платформа произлегуваат од сите определби на Републиката. Воглавно принципите кои што се понатаму изнесени произлегуваат од овие појдовни основи, па и тука нема многу забелешки, но сепак конкретно ќе се

произнесам таму каде што имаме по точки и реден број мои сопствени забелешки.

Јас го следев воведното излагање на претседателот на Републиката г-динот Киро Глигоров, па можам да речам и господинот Трпеновски пратеникот спомна што се однесува под б) каде што е во прашање принципот на меѓународни гаранции за постоечките граници на Република Македонија, а спротивно во нивните излагања за меѓународни гаранции за границите на републиките на поранешна Југославија, мислам дека овие две изнесувања се во суштина многу различни. Еве во поглед, јас во кратки црти сакам, да се произнесам.

Најнапред пред д асе изврши целосно распаѓање на Југославија некои од раководствата на некои републики побрзаа со усвојување на нови територии, како тие територии како сегашни, или постоечки граници би биле прогласени евентуално при одредена конференција на која би се расправале за истото. Оттука принципот кој што го изнесе претседателот како гаранција за границите мислам дека е поприфатлив и до аспект на Република Македонија. Не треба да спомнувам дека кога се оформува една заедница секој во таа заедница влегува со свој удел. Тој удел во заедницата Југославија зборувам еза втора Југославија, АВНОЈ-ска Југославија републиките му дале на заседанието на АВНОЈ, покасно и за заседанието на АСНОМ каде што ние сме за произнеле сите знаеме каде и на кое место и како. во меѓувреме многу работи се променија сега јас не сум за тоа ние за некои работи да избрзуваме, сигурно во политиката треба некој такт и време и кога и како ќе се постави одреден проблем. Затоа не инсистирам тој проблем ние сега да го поставиме, туку како проблем сепак дефинитивно да не го запечатиме во сите наши определби. Токму од тие

причини јас наместо принципот меѓународни гаранции за постоечките граници на Републиката уште еднаш го потенцирам тоа што го кажа претседателот некои пратеници да гласаат меѓународни гаранции за границите на Република Македонија. Мислам дека многу не менува, а во суштина кажува сепак доста работи. Понатаму имам некои принципи кои што сметам дека треба да најдат место во оваа Платформа, а тоа е определба за односите со соседите врз основа на еквидистанца. И отвореност за соработка врз познатите принципи и врз основа на взаемен интерес. Овој принцип мислам дека не е ни најмалку потребно да се образлата и да се коментира особено најпотребен е за нашата Република со нејзиното историско искуство што го има и знаеме дека секое едно поголемо приближување кон одредена соседна земја оцело на штета на оваа држава и кон овој народ.

Исто така како принцип сметам треба да влезе гука решавање на проблемите настанати со бегалците да бидат меѓународно разрешувани до сите негови аспекти. Воглавно тие аспекти се два еден од интересите на Република Македонија, а другиот е од интересите на самите бегалци. Од аспектот на Република Македонија мислам е доволно јасно да видиме како се однесуваат и другите републики на поранешна Југославија, деновиве Република Словенија забрани на нов прилив на бегалци, мислам ние не треба да ги следиме чекорите на другите туку сепак треба да имаме еден сопствен план,  една сопствена контрола на тој прилив. И сето тоа не само сопствен интерес, туку од интерес на бегалците. Подобро е да примиме толку колку што можеме да им пружиме гостопримство а тие да си најдат посоодветни, по хумани услови во други услови отколку нехумано да ги

примаме, со тоа и недостоинствено на човечкиот живот да им створаме услови. Овој принцип мислам треба да најде место во оваа Платформа.

И на крајот имам една забелешка а тоа е решавање на проблемите со Република Грција во билатерални рамки, во директни преговори. Со самото тоа што Република Грација ја издвојуваме од контекст на другите соседи е симптоматично но и оправдано можеби поради потребите и приоди и од настаните кои што се случуваат. Но не треба да заборавиме некои други соседни републики, држави во дослух се со овие принципи што ги има Република Грција, а тоа е северниот сосед кој постојано има консултации на тој план со Република Грција. Кога веќе Грција е како таква издовена како сосед мислам дека ние не траба да се ограничуваме тие преговори да бидат на билатерален и директни. Како,од што ние бегаме, најмалку ние можеме да бегаме од вистината што е меѓу нас и соседна Грција. Сите прашања, целата вистина на наша страна. Затоа ние нема потреба да примаме од некоја трета страна и тоа да го ограничуваме и условуваме со принцип тоа да бидеа со билатерални и директни преговори. Јас само едно нешто ќе речам. Што ако наведат условите по конкретно прашање сите соседни републики односно држави треба да седнат и да преговараат конкретно за македонски прашања кои што се нерешени во овој простор. Дали ние тоа ќе го избегнеме заради тоа што овој принцип не ограничува. Не, напротив јас сметам дека ние треба тука да вметнеме билатерални и мултилатерални преговори, директни и индиректни. Со тоа ни најмалку нема да се ограничиме, туку ќе бидеме флексибилни во нашето настапување.

III/9.-

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, пренесувајќи ја големата благодарност за досега сочуваниот мир од стана на нашите врвни раководители, сакам да кажам дека се во искушение така да речам историско и овој пат да издржат на ова а Конференција за Македонија покрај тоа што ќе се сочува мирот на некој начин да успеат да го ублажат положението, состојбата која покрај блокадата на соседна Република Србија ја задеси Македонија. Сакам да кажам дека сите преземени мерки од страна на претседателот на Републиката во однос на Платформата која се градеше се будно пратени и со големо задоволство со тоа што се виде дека покрај парламентарните групи се изврши една консултација со сите вонпарламентарни групи односно партии, а исто така и со другите интелектуални структури за кои сметаше претседателот дека се најодговорни за да можат да дадат сугерирања во однос на одредени проблеми кои можеби ќе воскрснат во текот на расправата.

И сами сме сведоци дека покрај овој историски и политички проблем кој е важен како за другите републики, а кој веројатно во голем дел ќе бидат предмет на оваа Конференција исто така постојат и реални можности подетално да се расправат за проблемите на Македонија. Ме радува тоа што одредени платформи? одредени политички партии добија едно здружено со платформата на Владата која најверојатно сега ќе ја усвоиме. Мислам дека тоа е еден гарант и претставува една целина за нашата Република, меѓутоа сакам да дадам една препорака на претседателот да не го заостава прашањето за економската состојба на нашата млада држава за која што поаѓајќи од мојата општина состојбата на блокадата на Република Србија, блокирана е інашата општина и Република Македонија

III/10.-

Затоа тој проблем треба да се види и покрај политичкиот проблем кој за мене всушност не претставува никаков проблем затоа што Македонија како политички .проблем таа и не претставува никаков проблем, тоа што е проблем за Грција, тоа е нивни проблем, но мислам дека економските состојби кои сега со почетокот на учебната година со најава на одредени групации за штрајкови, со неликвидноста на стопанството баш поради блокадите итн. мислам дека доколку ние партиите не најдеме здружено разрешување на овој проблем здружено делување итн. дека тој далеку ќе не доведе во поголема политичка и внатрешна лоша состојба отколку било што друго. Поради тоа мислам дека е најпрепорачливо од мојата сиромашна и најнеразвиена општина, пред да му пожелам среќен пат на претседателот на Републиката да најдат заеднички начин за разрешување на овој проблем.

IV/2 ЛК/ПН

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, дозволете ми на почетокот да констатирам дека ние имаме Платформа за Конференцијата во Лондон што на некој начин претставува добра рамка за разговори и договори, за излез од ситуацијата во која се најде југословенскиот простор. Мислам дека таа рамка, заедно со она што значи констатации, сугестии и забелешки во разговорите со > претставниците на Владата, претседателот и потпретседателите на Собранието, членовите на Комисијата за надворешна политика итн. и констатациите што се обавени претходно со еминентни личности од јавниот и политичкиот живот, заедно со амандманите упатени тука во врска со таа Платформа претставува добра основа за разговор и договор за расправа на Конференцијата во Лондон. Јас мислам дека и денешната седница на Собранието во тој однос претставува залагање и е во функција на она што значи подготвување на нашата делегација за еден посоодветен подобар начин на оваа Конференција, што по мое мислење е од историска важност.

На Конференцијата во Лондон мислам дека треба да се истакне и да се поздрави одржувањето на таа Конференција што конечно се оди кон конкретни чекори, да не се бара решение на проблемот со хуманитарна помош и др., туку со конкретни чекори за да се елиминираат причините што доведуваат до конфликтни ситуации, а за да не дојде до обезбедување на храна, лекови итн., за настраданото население во подрачјата зафатени со

војната. Во тој однос јас го гледам значењето на таа Конференција и тоа би требало да се истакне и од другите па и од нашата делегација што ќе биде таму.

Реков дека оваа Конференција, како и другите конференции одржани во Лондон и во другите светски метрополи во минатото, претставува историска според многу аспекти и треба да се искористи таа конференција, ако не повеќе, тогаш толку за да се изнајдат начини и модели за да се елиминираат сите фактори кои предизвикуваат немири во светот, а особено во овие подрачја на поранешна Југославија.

Македонија на оваа Конференција за прв пат зема учество како меѓународен субјект. Мислам дека тоа е голема чест, дотолку повеќе што таа веќе сега таму се јавува како суверена и самостојна, призната од неколку држави, меѓу кои и од Русија.

Меѓутоа, како за Македонија, така и за Албанија би рекол во случајот, мислам дека се јавуваат доста сериозни задачи и доста голема одговорност како ќе се настапи на таа Конференција. Јас мислам дека овие две балкански земји имаат шанса најрепрезентативно да го претставуваат својот субјективитет, но истовремено да ја промовираат така да се каже својата политика на добрососедство мирољубива политика, политика на коегзистенција и пред се можност нашата Република Македонија таму да се претстави како демократска држава и демократски субјект на Балканот. Ова дотолку повеќе што овие две земји, овие два народи на Балканот во минатото биле така да се каже изложени на делби, спротивно на нивната волја, Македонија на три дела, Албанија исто така на три дела, а сега доколку се оствари оваа концепција за распаѓање на Југославија,

Албанскиот народ ќе биде поделен на уште повеќе делови и оттука судбината на овие народи, особено на Албанскиот народ во случајот ќе биде уште повеќе неизвесна, особено за оние делови на Албанскиот народ што се надвор од матичната држава.

Повод и прилика е на Лондонската конференција да се изложи како и во вакви услови, во услови на неповредливост на границите, за што веќе се произнесе и ЌЕБС да се најде шанса за живот и перспектива и на поделени народи. Јас мислам дека Македонија, па и Албанија може во тој однос да понудат свои модели како да се живее, да се уживаат човекови национални слободи и права и во услови на поделени делови на народи.

Јас мислам дека Македонија може да понуди, во рамките на своите обврски, како држава модел што ќе значи подоследно остварување на човековите и националните права и слободи, дури и со примена на таканаречената позитивна дискриминација, се со единствена цел да се исправи тоа што се смета за пропуст и да се отворат нови патишта и можности за послободно дишење на овие простори.

Да истакнам дека Македонија и македонскиот народ имаат шанса, историска би рекол во случајов, да се преставаат како држава односно како народ со демократски дух. Јас мислам дека на конференцијата во Лондон има шанса да се поставaт по- цврсти темели за коегзистенција и соработка на Балканот. Затоа, на крајот да предложам ние како пратеници да дадеме согласност на Платформата така како што е формулирана со евентуално дополнување во духот на предложените амандмани, вклучувајќи ја тука и Платформата на колегите од ВМРО-ДПМНЕ, зашто горе-долу стана збор за

истоветен текст, а да се земе предвид нормално извештајот на Комисијата за надворешно - политички прашања, како и се она што значи сугестија преку амандманите и она што тука ќе се изнесе, со единствена цел навистина Македонија во Лондон да доживее една позитивна промоција.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ако Република Македонија на Конференцијата во Лондон ја снајде од лошо уште полошо во однос на нејзиниот внатрешен и надворешен политички статус, секако за тоа виновна најмногу ќе биде македонската надворешна политика. Таквата оценка произлегува од таму што политичката опција зад која стои актуелната македонска политика како креатор на надворешната политика до сега не ги даде очекуваните резултати ни на внатрешен ни на надворешен план. Наспроти таквата опција далеку е пореално поглавјето за Југославија во светската историја што побргу да биде отворено и завршено. Ако Југославија повеќе не постои на просторот на Словенија, Хрватска и БиХ и на територијата на Македонија која се раѓа како суверена држава, неприфатливо е на Конференцијата за поранешна Југославија да учествува како рамноправен учесник така наречената Сојузна Република Југославија, која практично никој не ја признава, а зад која како што сите знаеме се кријат две држави, Србија и Црна Гора. Неприфатливо е за нас на проширената конференција во Лондон да учествуваат претставници со која таа ќе се претвори во обид да се создадат некои нови зони за колективна безбедност на просторот на поранешна Југославија. Некои навестувања за тоа постојат од иницијаторите на Конференцијата, како што е случајот сои францускиот претседател Митеран со неговото залагање и веќе најавената опција за некаква врховна

контрола. Дали тоа не~е облик на ограничување на суверенитетот на веќе новите автоматски признаени држави од поранешна Југославија?

Неприфателиви се за нас и обидите преку Конференција- та да се наметне статус кво на состојбите, а со тоа и легализација на српските воени остварувања, како што се неприфатливи и сите обиди за наметнување на некои форми на економски унии и интеграции на државите што тука постојат. Колективната безбедност е неприфатлива бидејќи таа била неефикасна и неприфатлива ни порано ни сега. Тоа значи нова поделба на интересните сфери што пота можат да бидат санкционирани и од некои одделни европски држави.

Познато ни е дека причините за наметнување на така- наречената колективна безбедност, како можно решение, произлегуваат од досегашните неуспешни преговори и разговори за Југославија на различни нивоа. Иако секогаш се разговараше за мирот и за решенија со политички средства, војната не запре, таа се повеќе се разгоруваше и таквата опција која повеќе се занимаваше за мирољубиво решение на југословенската криза, а не за сувереноста на републиките, а посебно на Македонија, што обично се форсираше и овде во Македонија, во однос на решавањето на југословенската криза како што сите знаеме, не даде резултати. Имено, не е можно во овој политички момент двете судрени страни, Хрватска и БиХ од една и Србија и Црна Гора од друга страна да се изедначуваат и да се прикажуваат подеднакво виновни. Сметам дека нереалноста на таквата опција произлегуваше и од фактот што сериозно не го третираше српскиот хегемонизам кој се потврди со сета своја жештина и агресија врз Словенија, Хрватска и БиХ и со одземање на Хрватска територија од БиХ. Нема

дилеми ваквата опција да се отфрли како нереална, освен ако оние што ја застапуваат до крај немаат расчистено со некои варијанти на југо- идејата и нејзината реализација.

Заклучокот е сосема јасен. Ако ставот до крај не се менува спрема северниот сосед, а таквите промени до сега не се многу видливи тогаш молкум преку Србија се гледа можноста за остварување на некоја варијанта за реализација на југоидејата. Поинаку не може да се објаснат ни последните настани со господинот Паниќ. Никој не може да си објасни ни кај нас ни во светот како Србија преку господинот Паниќ успеа македонското раководство да го присили и да размислува до извесна смисла за некакви отстапки. Балканската економска унија што ја предложи господинот Паниќ со позитивни интонации е примена само во Букурешт и Атина, но за жал и во Охрид. Покрај другото, има знаци за придобивање - на македонското раководство преку изјавата дека таканаречената СРЈ ќе ја признае Македонија иако потоа во Атина истото беше демантирано.

Аналитичарите на овие настани во право, врз основа на целокупното однесување на македонското раководство спрема северниот сосед заклучуваат дека Србија направила успешен обид Македонија во извесна смисла да ја задржи во својата интересна сфера. Неприфатливо е за нас одделно однесување на претставниците на актуелната економска политика во таа насока од простоа причина што и некои учесници на Лондонската конференција не се откажуваат од идејата за создавање на некаква нова трета или четврта Југославија. Не се откажуваат од таа идеја ни според титовиот модел, а тоа посебно го форсираат некои неразврзани земји. Ги

отфрлуваме сите такви идеи, како и сите други обиди од страна на некои учесници на Лондонската конференција да се покренува прашањето за некаква нова Југославија, а уште помалку носител на таквата творба да биде Србија. Тоа е нереално за нас, како што е нереално и недоволното заземање од страна на некои веле сили во однос на Србија, таа повеќе да не се прифаќа како главен фактор за зачувување на СФРЈ или за создавање на некаква нова југословенска творба. Ако некои велесили и натаму не го измениле односот спрема Србија, тогаш оваа држава и натаму нема да биде доволно виновна за агресија, за грабежот на туѓиот имот, за непочитување на малцинските права, за укинувањето на автономиите, а во последно време за етничкото чистење, за концлогорите итн. со менувањето на односот на некои велесили спрема некаква трета Југосла ија и Србија сметаме дека ќе се надмине и опасноста од притисокот аз федерализација на одделни републики со некакви краини, потоа ќе се разбие опасноста за поделбата на БиХ на која сега и се заканува дел од неа да биде проголтан од Велика Србија. Се разбира, доколку тоа така се поставуваше од страна на големиот свет, интервенцијата на сините шлемови немаше да уследи откако сега Србија го очекува од Лондон политичкото решение за окупираните територии, ниту пак ќе се случеше господин Паниќ во поново време да создава некаква слика за миротворството на Србија, дека само тој ќе ја спречи војната и се разбира откако заврши српската завојувачка цел во БиХ. Немаше да се случи југословенската криза да добие нови димензии откако Бадинтеровата комисија заклучи дека Југославија се распадна и дека ниту една република не може да биде наследник. Навреме ќе се спречеше упорното негирање на  Бадинтеровата комисија од страна на

Србија и Црна Гора и преку таканаречената Сојузна Република Југославија и тие да бараат тие да бидат единствено меродавни за континуитетот и остварувањето на правото како единствени наследници на Југославија.

Господа пратеници, од Лондонската конференција очекуваме пред се крај на војната, но не и на некои несакани текови со штетни последици за суверените републики од бивша Југославија а посебно не за Република Македонија. Од тие причини укажуваме и на потребата за посериозни подготовки за настапот на Република Македонија на конференцијата во Лондон. Ние оправдано сметаме дека без запирање на војната во БиХ и во Хрватска тешко може да се воспостави мир, ниту пак ќе се стави крај на глобалните евроспки и светски интереси и амбиции проследени со војни и верски компоненти и нови апетити. Ние ќе бидеме крајно задоволни ако светската заедница стави крај на наметнатата политика на сила и политиката на свршен чин, а со тоа се стави крај и на илузиите на големосрпската политика. СЕ надеваме дека нема да бидат поддржани никакви реални српски интереси преку притисокот што го прави Белград за легализирањето на таканаречената СР Југославија. Се надеваме дека до крај ќе се бара спроведувањето на воената интервенција и употребата на сила според резолуциите 780 и 781 за БиХ со цел да се остварат ефикасните мерки предвидени со хуманитарната интервенција.

Тргнувајќи од сите тие и други аспекти значајни за нас и за разговорите на Лондонската конференција, се согласивме да ја разгледаме и оваа посебна Платформа. Меѓутоа, постојат причини за нас и некои општи оценки од предложената Платформа да не бидат до крај прифатливи бидејќи не реално е да се тврди дека тоталитарниот режим и неговата

идеологија е сосема зад нас, кога знаеме дека по првите повеќепартиски избори комунистите останаа на власт во Србија, Црна Гора, кој фактор не може да се исклучи како причина за експанзијата што се изврши од страна на Србија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, водете сметка за времето, треба да завршите.

**ДРАГИ АРСОВ:** {ПРОДОЛЖЕНИЕ

Неприфатливи се и некои други ставови. Меѓутоа, добро е што во Платформата се посочува дека Република Македонија за преговорите ќе се залага за мироЉубиво решение на кризата, но секако треба да се има во предвид и односот на нашата Република спрема таквото решение на кризата. Точно е тоа дека Република Македонија ќе учествува во Лондон како независна и суверена, но, за жал. се уште кај нас имаме неприменлив устав и недоволно остварени ставови и проекции во однос на законите што треба да го обезбедат суверенитетот на Македонија. Точно е тоа дека Република Македонија никој не може да ја условува со промената на името. Но, за жал нејзиното внатрешно уредување не е воспоставено врз волјата изразена врз изборните резултати. Ние не можеме да се залагаме сите наведени принципи во Платформата, вклучувајќи ја и билатералната соработка ч преговорите со Грција да се залага и да ја спроведува таа дипломатска гарнитура која досега не даде резултати. Сметам дека конечно дојде време да исчезнат таквите претставници и таквите наши ставови кои што досега не обезбедуваа она што Македонија го сакаше. Од тие причини сметам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ која понуди и своја Платформа треба да се разгледа со внимание. Сигурно со овие свои предлози таа може да придонесе за зајакнуваше на позициите на нашите преговарачи во Лондон. Тоа секако ќе овозможи за натамошна демократизација на постапка- та во која секако свој придонес треба да имаат и пратениците од македонскиот Парламент.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Со руско - турскиот мировен договор од 3 март 1878 година во Сан Стефано, Берлинскиот конгрес од 13 јуни до 13 јули 1878 година,

V/2.-

Лондонската мировна конференција од 1913 година, Букурешкиот мировен договор од 28 јули до 10 август 1913 година, Париската мировна конференција од 1919 година во Версај, конвенцијата склучена меѓу Бугарија и Грција за заемно преселување на населението од 27 ноември 1919 година и Лозанската конвенција за преселување на населението меѓу Турција и Грција од 30 јануари 1923 година разбиена е геополитичката, етничката и економската целина на еден од најстарите народи на Балканот, македонскиот народ. И секогаш без негови претставници во името на дневно - политичките интереси на големите сили. Распаѓањето на поранешна СФРЈ отвори нова страница во историјата на македонскиот народ. Со референдумот од 8 септември 1991 година македонскиот народ и граѓаните на Македонија го искористија своето право на самоопределување и со Уставот од 20 ноември 1991 година ја инаугурираа самостојна суверена и независна држава Македонија. Војната и војните разурнувања на поранешните југословенски простори во Словенија, Хрватска и БиХ со тенденција на проширување на воените судири и меѓу етничките конфликтни во другите делови на поранешна СФРЈ нужно го наметнаа учеството на Европската заедница и организацијата на ООН за разврска на кризата пред се заради заштита на меѓународниот мир и безбедност во овој дел на светот Европа и Балканот, како и заради спречување на понатамошните импликации на овие судири во вкупните меѓународни односи. Во тие рамки е и претстојната конференција во Лондон што ; и дава можност на Македонија за прв пат во својата историја і,, самостојно да ги брани, обезбеди, заштита на сопствените интереси. Сепак, неприфатлив е односот на Владата што пратениците не ги информира за сценариото и понудените документи за оваа конференција што претставува воспоставена практика. Секогаш кога во овој Парламент се расправа и донесува акт по

некој меѓународен документ,,имено пратениците да останат без преводот на оригиналниот текст на. тој меѓународен документ..

Република Македонија мора да се залага за мир во Босна и Херцеговина и мирна разврска на воените судири во оваа Република со морална обврска уште повеќе, бидејќи оружјето на поранешната ЈНА од територијата на Македонија се пресели во Босна. Меѓутоа, не треба да се заборави дека од почетокот на судирите до денес е променет меѓународно правниот статус на инволвираните страни. Затоа за мене лично воопшто е неприфатлива тезата бранење на некаква југословенска криза. Станува збор за воени жаришта во самостојни суверени и независни држави. И Македонија како неутрална држава како што ниту ја предизвика војната, ниту учествуваше во неа, та- ка нема ниту право да ја решава кризата во Босна. За Македонија побрзото решавање на кризата во БиХ е добредојдено бидејќи ќе престанат причините за прием на бегалците од БиХ и нивно враќање во нивните родни огништа,, а дотогаш да обезбеди целосна примена на меѓународните конвенции за бегалците и да го спречи секое девијантно однесување се до протерување од територијата на Република Македонија. За Македонија е битен фактот што таа треба да оствари голема активност со конкретни предлози и иницијативи за вре- ме на одржувањето на оваа конференција и меѓу нив ги предлагам следните. Постоечките граници помеѓу поранешните републики на поранешна СФРЈ да добијат статус на меѓудржавни и меѓународно признати граници со гаранции на постојаните членки на Советот за безбедност на Обединетите Нации за нивна неповредливост со можност за склучување меѓународен договор како краен документ од оваа конференција. Меѓу сите поранешни републики на СФРЈ, а сега самостојни суверени, независни држави да се склучат билатерални договори за мир, ненапаѓање, соработка и

пријателство, откажување од употреба и закана со сила и неповредливост на границите, билатерални договори за мир, ненапаѓање, откажување од употреба и закана со сила, неповредливост на границите, соработка и пријателство да склучи и секоја република со своите соседни земји кои што исто така, се поканети учеснички на оваа конференција. Сите поранешни републики кои тоа не го сториле меѓусебно да се признаат безусловно веднаш. Понатаму, само како самостојна суверена и независна држава, како меѓународно правен признат субјект Република Македонија може да биде гарант на мирот, безбедноста и стабилноста и за македонскиот народ и националностите кои живеат во Македонија, односно граѓаните на Македонија и на мирот, безбедноста и стабилноста на овој регион. Балканот и овој дел на Европа. Секое асоцирање на Македонија во било каква асоцијација, сојуз, унија итн. ќе ги дестабилизира внатрешните односи во Македонија и по- широк,о. на Балканот. Понатаму, делегацијата треба да го застапува ставот дека Македонија ќе гради политика на еквидистанци, потполн реципроцитет со сите држави, спрема сите соседни земји. За Македонија е битно да ги преземе правата и обврските од создавањето на поранешната СФРЈ. И на Република Македонија како рамноправен правен наследник на поранешна СФРЈ со другите републики да и сее овозможи да го превземе членството на поранешна СФРЈ заедно со другите републики во сите меѓународни органи, организации и заедници, Да се ревидира на овој состанок, односно оваа конференција декларацијата на Европската заедница од Лисабон и да се искористат поголем број на историски факти за поделбите на Македонија, Бидејќи оваа конференција е продолжение на конференцијата на Европската заедница под претседателство на Лордот Карингтон предлагам како што пред секоја делегација стоеше името на секоја република, односно држава која ја претставува таа делегација, така и

сега пред секоја делегација да стои табличка со натписот на името на државата, пред нашата нормално името Македонија, бидејќи шефовите на делегациите не се претставуваат самите себе си, туку државите учеснички на оваа меѓународна конференција.

И последен предлог, во државната делегација да учествува наместо министерот за односи со странство кој е во оставка Малески, премиерот Никола Кљусев, пред се заради тоа што, оставката на господинот Малески беше со образложение заради непримерниот однос и став од Лисабонската декларација на Европска заедница. Ако оваа дванесеторка учествува и на оваа конференција во Лондон, сметам дека нема никаква морална логика господинот Малески да учествува во државната делегација и на оваа конференција, а учеството на премиерот на оваа конференција би го подигнало нивото и значењето на истата за Република Македонија.

На крајот сакам да укажам на неколку изјави кои што беа укажани од оваа говорница кои лично не се согласувам. Со дефинитивното распаѓање на СФРЈ, Македонија како рамноправен правен наследник на поранешна СФРЈ со другите републики ги презеде порано пренесените надлежности на сојузните органи во сопствена надлежност, бидејќи во поранешниот Устав на СФРЈ само републиките беа дефинирани како држави. И со новиот Устав Македонија само во надградува уставно -правниот систем за функционирање како самостојна суверена и независна држава. Правото на самоопределување на македонскиот народ и граѓаните независно од етничката припадност со референдумот од 8 септември 1991 година го искористија и изразија Македонија не гради заедничка држава со Албанците, бидејќи тие да имаат сојата држава Албанија, ниту пак со Уставот од 20 ноември 1991 година. Македонците решија да градат

V/6.-

заедничка држава со Албанците за да од тоа се влече и гради концепт на не- каква федерално, кантонално внатрешно уредување на државата Македонија со некакви територијално политички автономии. Македонија секому гарантира рамноправност во остварувањето на граѓанските права, но никому нема да дозволи посегнување по територијалниот интегритет и - суверенитет на државата Македонија. Оние кои изјавуваат дека ако нема мир на Косово, нема да има ниту во Македонија, би им порачал дека за мирот на Косово ќе може да се ангажираат во Косово, но без можност за повторно враќање во Македонија. А што се однесува до работата на овој Парламент, никому не е забранет влезот, ниту пак учеството во неговата работа. Тоа што некој свесно не присуствува на седниците кога се носат системски закони, тоа е негово право, а не алиби за работата на другите. Собранието ги донесе законите за државната химна и знаме со устав но утврденото мнозинство не без Албанците, туку без пратениците на граѓанските политички партии ПДП и НДП.

И на крајот сметам дека Владата должи, меѓутоа на посебна седница да поднесе една информација кој, во чие име и со каков мандат води македонско - албански разговори во државава Македонија.

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, ценето претседателство, конференцијата во Лондон за мене е нов собир со стара задача. Овој собир во Лондон останува да разгледа и да го реши прашањето околу поранешните внатрешни граници на југословенските републики, околу сукцесијата и прашањата на континуитетот на Југославија. Тогаш на оваа конференција треба да земат учество сите народи кои живееле во таа Југославија, а не само шест републики. Лондонската конференција што е една повисока фаза во

решавањето на југословенската криза во моментот во своите раце ја почувствува сета врелина на неколку костени што ги имаше извадено од југословенскиот мангал што го сочинуваат југословенскиот пекол. Тука пред се спаѓа проблемот на Косово и проблемот на Албанците во југословенската криза. Пред се оваа конференција мора да има чувство на приоритет. Платформата на Република Македонија за Лондонската конференција за мене е некомплетна. заради тоа што во политиката мошне често принципите се жртвуваат пред практиката и реалната состојба. Аргумент е првата точка на Платформата каде пишува цитирам: "Појавата на ретроградни процеси како што се меѓунационални конфликти, националната и верската нетолеранција, кршењето на основните човекови права и слободи итн.". со ова не можам да се сложам кога е познат актерот на конфликтот, а тоа е Србија што уште ден денес ни- ту од економската заедница, па не верувам ниту од Лондонската конференција дека ќе биде став на обвинителна клупа. А оваа Србија почна од 1981 година што практично не сакам да го повторам колегата Неим Селмани. Тргнувајќи од фактот што Македонија е мултинационална и мултијазична средина, фактот што овде живеат Македонци, Албанци и други и од фактот што една од главните цели на Републиката е интеграција во европските процеси на внатрешен политички статус Македонија не го решила овој проблем, па затоа не можам да се сложам и со претходниот дискутант и со потточката ѓ) на точката 5 во Платформата. Прво по Устав Албанците не се национално малцинство, тие се националност, а реално се народ. Самата Република. се обврзува да ги унапреди овие права согласно со одредбите на ЌЕБС, Хашката декларација и другите меѓународни документи од оваа област. Прашувам зошто не го реализира до крај Хашката. Декларација и

одредбите од ЌЕБС- која е таа рамноправност, слободи и права на националностите кога нашите закони како што истакна колегата Неим Селмани се донесуваат практично без присуство на Албанците. Тоа е одговор на господинот претходен дискутант.

Трето, претставниците на Република Македонија не смеат да водат дволична политика, надвор тие да ги претставуваат интересите на сите, или да се откажат од политика на лажно претставување. Ова многу лошо се рефлектира во меѓунационалните односи. Аргумент е, ставот на Владата во "Нова Македонија" на ден 21 август 1992 година. На таква Влада и на таков премиер, јас се извинувам, немам доверба. Практично имам прашаше за господинот министер за надворешни работи кој е член на Владата, дали ќе го застапува ставот на Владата што пишуваше во "Нова Македонија" на 21 август, 1992 година, или ќе ја претставува Македонија како што е во реална состојба со оваа Платформа што:денес расправаме по неа.

**МИТКО АНАСТАСОВ:**

Дами и господа, господине претседателе, господа од Владата, мене ми се чини дека полека, но сигурно ќе го продолжиме патот на кој бевме заслепени. Сонцето ќе ги излекува раните и болките на нашите очи. Сфаќам, ве сфаќам сите дека еднаш кога кажав "мора да бидеме единствени сите како граѓани на оваа татковина за да ја осамостоиме и ја зацврстиме независноста на оваа мала земја". Се ќе зависи од нас. Неправдата, не сакам да филозофирам, неправдата која ни беше не по наша грешка, не по наша вина направена во тие години што ги спомна господинот Петров 1913 година, а подоцна и 1919 година, ми се чини тие договори полека, полека одмрзнуваати благодарение на тие држави кои ги

потпишаа тие договори во тоа_ време ги ревидираат нивните потписи и ја признаваат оваа наша држава. Го сакале, или не го сакале некои тоа ќе биде. Патот кон независноста ќе биде една црта и ќе се оствари. Верувајте во тоа што доаѓа утре. Сето друго е демагогија и илузија.

**МИТКО АТАНАСОВСКИ**: (Продолжение)

Требаше да помине поголем временски период, две години, не успеавме да донесеме една таква Платформа. Но, меѓутоа, ние донесовме многу документи со кои на светот му докажавме дека ние сме тие кои живееме на ова тло.

Да се вратам на утрешниот односно задутрешниот ден на Конференцијата во Лондон.

Јас незнам дека ние сме запознати со програмата, со точките кои ќе бидат на дневен ред на таа конференција, господин претседателе. Ако сме програмирани во тој состанок и ако ни е дознаат дневниот ред тогаш ние има да кажеме многу работи. Ако одиме само да мириме нешто кое не сме го ние направиле, никоја од овие партии кои го претставуваат народот и луѓето кои живеат на ова што на ова татковина. Ние ќе придонесеме за тоа. Но, ако одиме таму да не признаат, тогаш ние ќе ги искажеме сите болки и ќе ја искажеме цела историја и ќе кажеме кои сме и што сме за ова тло. Во смисла на државноста не треба никој да не лаже. Ние сме тиа кој сме.

Во смисла на Уставот, нашиот устав е граѓански и под тој устав ние ги црпиме законите и според тој устав сите сме еднакви во оваа сала, затоа што во оваа сала се претставени сите народи кои живеат во оваа татковина. Нема дискриминација и не може да постои дискриминација. И ако некој министри или што било сака да го дискридитира било кој човек од оваа земја, тој нема место овде, да стане да си го земе палтото и да излезе од Владата. Само така ќе имаме јака држава и единствени луѓе кои ќе се разбираат меѓу себе и ќе придонесат за овој народ, за луѓето што живеат во оваа земја. Само така ќе не прими Европа, само така ќе не сфати Конференцијата во Лондон. Сето друго е илузија.

VI/2

Се прашувам, пак се враќам во Лондон. Ги гледам масите, ја гледам салата, ги гледам претставниците, на големите сили и на малите луѓе. Кај нас во таа сала треба да стои таблата со име Македонија. Спроти нас ќе стои една друга табла, ќе стои таблата, а кај нас ќе стои и знамето, сонцето на кое му се поклонуваме. Но, спроти нас ќе стои едно друго знаме, ќе стои едно место каде што ќе пишува Елада. Тука нашата држава, нашите претставници од оваа држава треба добро да се подготвени затоа што ќе имаат работа, отворено можам да кажам, со една отровна змија. Таа отровна змија треба да е спроти делегацијата што ќе присуствува на оваа Конференција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам,да бираме речник кога зборуваме за други земји.

**МИТКО АТАНАСОВСКИ:**

Јас зборувам затоа што мене ме боли господине претседателе.

НЕ сакам да шириме истории, не сакам да се само докажуваме. Историјата ја знаат и тие луѓе што ќе седат околу нас, што ќе бидат пред нас. Историјата тие многу добро ја знаат и тој субјект треба да не. разбере какви сме ние. Уште еднаш прашувам. Дали пред нас ќе стои таблата Македонија. Ако стои таблата Македонија не се плашите тогаш сме ние признати, старите договори се ревидираат.

Зошто да се жалиме, и зошто да се браниме и зошто да се плашиме да кажуваме она што сме. Никој нема право тоа да ни го одземе. Секој историчар кој се обидел да му одземе од името и презимето на некого тој е псевдопрофита, тој е лажков пророк и таквите се пропаднат. Потта и трудот на овие луѓе во овие простори не сака војна. Никој од нас не ја сака војната. Ние ќе ја избегнеме војната само ако бидеме хомогени, ако бидеме исти. Ние не сакаме да се караме. Јас не верувам дека има човек кој сака да се скара со албанците или со грците, или со бугарите или со србите. Тие ќе

бараат добрососедски односи затоа што тие ни се најблиските комшии. Треба да го одбегнеме злото од срцето на тие држави,а се знае каде е срцето на тие држави, а не луѓето. Јас гледам низ патот тука, Срби, Албанци, Бугари, продаваат, се мачат. Што ти се криви луѓето. Треба ли да дигнеш пушка против нив? Не. Тоа треба да го избегнеме и треба да бидеме внимателни во тоа и искрени.

Јас не сакам многу да оддолжувам. Само имам една друга забелешка која треба јавно да ја кажам пред нашиот народ и пред овој Парламент, да ја избегнуваме демагогијата затоа што многу од нашите политичари полека но сигурно влегуваат во живиот песок исчезнуваат. Тоа кај нас да го снема. Само така ќе бидеме она што сме. Само така ќе бидеме признати и само така ќе бидеме луѓе од поднебјето, луѓе на господа.

**ФАИК АБДИ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници, Јас прво сам за себе си забележувам верувам дека писмото што е испратено до претседателот на Републиката, господинот Киро Глигоров веројатно гласи до претседателот на Република Македонија. Највеспоред веројатно така би гласело едно писмо. И ако така би гласело пист мото милион посто сум уверен дека така гласи, тоа ќе значи негација на негација, не негираат како Македонија, а не викаат Македонија. Што тоа значи, ова е голема работа. Тоа е потврда. Тоа е негација на своето негирање. Но, нека не биде тоа за печатот, нека остане меѓу нас, да не слушне злото како што викаат старите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Внимавајте, се се пренесува, ако сакате да соопштите нешто.

**ФАИК АБДИ:**

Нења пренесуваат. Јас викам меѓу нас нека остане, а за тоа светот ќе знае. Цел свет нека знае. Ние сме Македонија.

Овде ние треба да разговараме за нашата положба, утре или задутре кога ќе бидеме во Лондон, што таму ќе .направиме и што не очекува.

Прво треба да дадеме една огромна поддршка на нашето раководство кое ќе биде таму, веројатно само претседателот ќе биде колку што слушнав. Не е ова нова работа за нас. Меѓутоа, бидејќи е добро претседателот да слушне што и ние мислиме, јас во тој контекст сакам да кажам некои работи.

Прво, дека треба да бидеме внимателни поготово од господинот Паниќ. Јас се согласувам со одредени колеги овде што зборуваа за состојбите. Еднаш дојде кај нас не признаа, ја спомна Македонија па оди онаму вика Скопје, наводно се збунил човекот не може да разбере што е тоа Скопје, што е Македонија итн. Тоа значи веројатно и таму ќе дојде до забуна дали е Македонија или е Скопје. Тоа значи со резерва спрема господинот Паниќ.

Тоа што ќе се случи во Лондон мене многу ме загрижува. Ме загрижува затоа што многу не верувам дека ќе има голема позитивност, меѓутоа добро е што светот како заинтересиран за ова подрачје гледа ако состојбите во бивша Југославија како што ја викаме, БиХ, недај боже тоа да се прошири во другите републики, ако таму бидат неарни состојбите ќе биде недобро за Европа и светот. Не дека не сакал некој многу од таму, да се разбереме. туку и они имаат интерес и политички и економски ова прашање да биде разрешено. И јас еве сум малку оптимиста дека по таа логика веројатно ќе вложат напори повиканите, а и повиканите од републиките во бивша Југославија они да си го кажат своето мислење.

Мислам дека нашата политика е позната во светот и немаме што да додаваме. Меѓутоа, овде слушајќи дискусии од одредени колеги пратеници мислам дека немаме право секој кога ќе излеземе на оваа говорница овде само да напаѓаме некое раководство, надворешна политика и неуспехот што бил порано е вина на кој незнам кој итн., мислам дека тоа не е во ред. Мислам ако се прашаме зошто состојбите се такви во Југославија, па еве дојде време да се оди во Лондон, јас еве овде пред вас колеги пратеници, пред народот на Македонија и пошироко сакам да кажам нешто барем за таа Југославија која постоеше. (Уфрлување од место)

Ве молам ако овде може да треска некој триста убави работи јас 50 убави работи да треснам. Молам, тоа е се во моето право за дискусија од десет минути.

Јас бев во една земја која се викаше Три кантри, слободна земја. Јас таму тврдев дека најслободна земја е оваа Југославија. Во тоа време за Југославија зборував. Во неа секој можеше да влезе и излезе кога сака. Да спие надвор и ништо да не му фали. Ова сега што се случува демократијата што ние ја посакуваме, ова не е демократија. Со ова се даде можност и на усташи и на четници и на недичевци и на дражичевци и на јотичевци и на незнам кој да се врати и овој хаос да го прават. Овој хаос,заправо од таму потекнува. Можеби не сум точен во своите гледања, меѓутоа тоа е тоа. Сакале признале или не тоа е тоа.

Сега ако ја сакаме демократијата ние на Европа во Лондон треба да кажеме, господо вие гости што не сте од поранешна Југославија зошто не не признавате. Благодарејќи на Горбачов и на американецот, перестројката се сруши се ова. Комунизам, социјализам, кобајаги постои. Не постои. Дајте

признајте не, дајте да живееме како луѓе. Овој народ треба да осети дека овој систем е подобар од оној што бил. Меѓутоа, народот не е задоволен од системот сегашен затоа што нема што да јаде, нема работа. Тоа треба да се каже во Лондон.

Да ви кажам имаше во Охрид една конференција за човековите. права. Таму беше присутен потпретседателот на Конференцијата за Југославија. Јас не можев да отидам испратив свој претставник таму. Се зборуваше за правата на човекот, граѓанинот. Ние кажавме она што кажавме, она што е. Јас верувам сите други националности се искажаа. Па тоа ќе биде пренесено, а тоа значи дека Лондонската конференција ќе расправа и по тие основи, за правата на човекот, правата на националностите. Заради тоа да бидеме малку покомотни, а и сите други работи, имаме право, немаме право да ги оставиме и да биеме битка овде во овој Парламент. Во нашата куќа да си ги оствариме правата. Да си помогнеме себеси да бидеме признати, да си го направиме животот поудобен и подобар, а подобар живот и поудобен, како немаме помош ,од надвор и признавање го нема. Заради тоа да не се труеме себеси овде зошто јас гледам дека имаме луѓе кои се полни со отров, па по малку и околината ја трујат.

За мене денес е и свечен ден, требаше и на почетокот да го кажам. Прв пат ние денес работиме под наш нашите знамиња. Нека ни се честити и само така да продолжиме и да очекуваме и другите закони да ги усвоиме така свечено и убаво и да корачаме само напред.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство не спорно е дека досегашната политика и стратегија што ја води Република Македонија се засноваше на основните европски и светски принципи што практично ги пропиша Европа и светот.

Мислам лека начинот на мирољубивото решавање на работите афирмација на демократските принципи, при што се афирмираат до крај човековите права и слободи, и правата на националните малцинства се појдовна основа да на оваа Лондонска конференција Република Македонија навистина испадне односно оди во една конфорна позиција. Всушност за тоа е и фактот што денес и ние за водењето на ваквата политика имаме признание од Европската и светската јавност а и потврда од Бадинтеровата комисија која кажа дека Република Македонија навистина ги исполнува условите за суверена и самостојна држава. Меѓутоа, независно од сето тоа, јас мислам дека не се работи само за принципиелни прашања, не се работи само од морален аспект не можеме да ги набљудуваме работите, се работи за политички интерес во кој Република Македонија навистина треба да биде малку поактивна ако сака да ја заокружи својата државност.

Јас ако имам забелешка досега во водењето на надворешна политика е тоа што од самиот почеток мислам дека Република Македонија не го активира целокупниот дипломатски капацитет навистина до крај да може да ја афирмира својата стратегија за заокружуваше на државноста како самостојна и суверена Република Македонија. Меѓутоа би што би сега пред нас е една конференција, Лондонската конференција која на пошироки основи ќе ги постави прашањата за разрешуваше на ЈУ-кризата.

Не е исклучено и мора да се има предвид дека мора да се знаат меѓународните односи и меѓународните констатации и мора да се има анализа за вкупната меѓународна состојба што денес е присутна во светот. Од тој аспект сметам дека може да се очекува на оваа Лондонска конференција практично да доминираат прашањата на односите на еден

VI/8

Скриен ривалитет и отворена соработка меѓу САД и Западна Европа. Повеќе од јасно е дека сите учесници ќе одат во Лондон за да ги остварат своите интереси. САД сигурно ќе бара политички поени за предизборната кампања навистина да оствари успех таа Бушова адми-нистрација. Бугарија која е во фаза, во период на стабилизирање на власта на десно и централно ориентираните политички сили кое тешко оди поради спориот процес на трансформирање на комунизмот во граѓанска логика цврсто ќе остане на определениот став што веќе го има, меѓутоа не е исклучено и рехабилитација на грчко - бугарските односи. Грција сигурно ќе остане при својот цврст став дека прашањето за Република Македонија не треба да се актуелизира, односно уште еднаш да го потврди ставот дека Република Македонија под тоа име не може да биде призната. Така да навистина се јавува една сериозна потешкотија во признавањето на Република Македонија и воопшто дали ќе се постави прашањето за признавање на Македонија. Меѓутоа, мораме да бидеме подготвени на сите наметнати сценарија што можат навистина да го отежнат статусот на Република Македонија.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:** (продолжение)

Точна е онаа констатација што господинот Голубовски ја изнесе, а и во "Нова Македонија" денес што ја читав дека ние треба да бидеме подготвени за почетокот на конференцијата, да ја знаеме целта на конференцијата уште пред нејзиниот сам почеток.

Едно од прашањата што кај мене провејува е тоа што навистина ние мораме да .бараме некој меѓународен акт со кој ќе биде откажано секаква употреба на сила и закана и ќе се создаде соработка меѓу бившите републики.

Едно од прашањата, што исто така, за мене е актуелно е дека Република Македонија мора да настапи со име и презиме како релевантен и рамноправен партнер што ќе го "брани дигнитетот и достоинството на суверена и самостојна Република Македонија.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Ценејќи го времето и вашето трпение јас ќе ја приложам дискусијата и ќе се откажам од дискутирање. ја приложува дискусијата„ (ПРИЛОГ)

ZA PLATFORMATA I LONDONSKATA KONFERENCIJA.

JAS NE BI DODAL NITU ODZEMAL NIŠTO OD PLATFORMATA (PONUDENATA) ZOŠTO TAA E JASNA I POINAKVA NE BI MOŽELA DA BIDE. POKRAJ TOA E POTREBNA I ODREDENA TAKTIKA,ZNAEJKI KOJ SE KE BIDE PRISUTEN NA KONFERENCIJATA. NE SMEE NIŠTO DA NE IZNENADI. MNOGU POLESNO MU E NA HIRURGOT AKO ZNAE ŠTO GO OČEKUVA, PRED DA JA ZAPOČNE OPERACIJATA.

A ZNAEJKI GI STAVOVITE NA POEDINI NACIONALNI (NACIONALISTIČKI) PARTII I NIVNITE LIDERI PREMA MAKEDONIJA I MAKEDONCITE (NAREKUVAJKI GI MAKEDONSKI BUGARI,MAKEDONSKI SRBI,MAKEDONSKI GRCI),MOŽE IZNENADUVANJETO DA DOJDE ODVNATRE.ZATOA TREBA DA SE VNIMAVA PRI SOSTAVOT NA DELEGACIJATA.VO NEA NE TREBA DA BIDAT VKLUČENI DESTRUKTIVCI, KOI MOŽAT DA I NANESAT NEPROCENLIVA ŠTETA NA MAKEDONIJA.(ZNAEJKI KOJ ŠTO IZJAVIL,KAKOV STAV IMAŠTO NAPIŠAL I SL.TOA NE E TEŠKO DA SE NAPRAVI).

ONAA ŠTO E NADVOR OD MOČTA NA OVA SOBRANIE I VRZ KOE NEMA KONTROLA,SEPAK TREBA DA SE PREDOČI,KAKO NE BI BILE IZNENADENI.SO ŽELBA DA POMOGNAM VO TOJ PRAVEC,BI GI IZNEL POZITIVNITE STRANI NA LONDONSKATA KONFERENCIJA NA EDNA STRANA,A NA DRUGA NEGATIVNITE ŠTO EVENTUALNO MOŽAT DA SE OČEKUVAAT.TOA SE LIČNI RAZMISLUVANJA.

POZITIVNO:

1. ŠTO MAKEDONIJA ZA PRV PAT KE UČESTVUVA NA EDNA MEĐUNARODNA KONFERENCIJA,NA KOJA KE SE ODLUČUVA I ZA NEA SAMATA,A TAA KE BIDE AKTIVEN AKTER A NE NEKOJ POSMATRAČ.

2. ŠTO MAKEDONIJA KAKO DRŽZAVA PRETSTAVUVA REALNOST NA BALKANOT I VO EVROPA I SEKOE POSEGANJE NA NEA PRETSTAVUVA POSEGANJE (I ČEPKANJE)PO EDNA SUVERENA I SAMOSTOJNA DRŽAVA.

3. ŠTO POVEKE ZEMJI JA PRIZNAA SUVERENOSTA I SAMOSTOJNOSTA NA MAKEDONIJA, A PRED SE RUSIJA.

4. ŠTO REPUBLIKA MAKEDONIJA GO SOČUVA MIROT I DOSTOINSTVOTO I NE MOŽE NIKOJ ZA NIŠTO DA JA OBVINI.

5. PREMNOGU SE ISPREPLETENI RAZNI INTERESI VO MAKEDONIJA,ZA DA MOŽE NEKOJ SAM DA PROFITIRA,A I MAKEDONIJA NE E DOVOLNO GOLEMA DA MOŽE DA GI ZADOVOLI APETITITE NA SITE SOSEDI BEZ DA IMA VOJNA.

NEGATIVNO:

1.ŠTO VO LONDON KE SE NAJDE SKORO IDENTIČEN SOSTAV OD DALEČNITE 1913 I 1919 god>

2. ŠTO BEZ ISKLUČOK SITE SOSEDI IMAAT ODREDENI REZERVI: BILO KON IMETO BILO KON NACIJATA ILI KON DVETE.

3. ŠTO I VNATRE,KAJ ODREDENI NACIONALNI (NACIONALISTIČKI)PARTII I NIVNITE ČELNICI E PRISUTNO NEGIRANJETO NA MAKEDONSKATA DRŽAVA.TAKVATA VNATREŠNA DESTRUKCIJA MOŽE DA SE PROJAVI I NA KONFERENCIJATA VO LONDON.

4. ŠTO NE MOŽE DA SE IMA VERBA VO SITE,ZOŠTO EDNO SE DEKLARACIITE I

IZJAVITE,A NEŠTO SOSEMA DRUGO VIDLIVOTO SUČENJE NA MUSTAKOT PRED MRSNIOT ZALAK.

5. ŠTO MOŽAT DA SE POJAVAT PARALELNI ILI PARAPREGOVARACI, SE RAZBIRA BEZ MANDAT NO SO GOLEMI APETITI.

6. ŠTO SEKOGAŠ TREBA DA POSTOI STRAV OD VOLKOT,- ZOŠTO VOLCITE MOŽAT DA BIDAT DOBRI SAMO VO PRIKAZNITE!

I POKRAJ NEGATIVNOSTITE ŠTO EVENTU.ALNO MOZAT DA SE PROJAVAT HA LONDONSKATA KONPERENCIJA, ZARADI STAVOT NA DRUGITE,MOŽE DA SE BIDE OPTIMIST I NE VERUVAM DEKA NA NAŠATA DELEGACIJA KE I BIDE MNOGU TEŠKO, Z.OŠTO NASTAPUVA SO JASNA PLATPORMA I POZICII KOI SE ZASNOVANI NA REALNOSTA I VISTINATA (KOJA MOŽE DA SE ARGUMENTIRA)

ZARZDI DISOMANTNITE TONOVI ŠTO MOZAT DA SE POJAVAT VNATRE, I MOZNOSTA DA SE IZLEZE NADVOR OD PLATPORMATA, TREBA SOBRANIETO DA PREDVIDI POVLEKUYANJE NA ODREDENI CLENOVI, DOKOLKU SA UTVRDI DEKA DELUVAAT NADVOR OD PLATPORMATA I ZA DRUGI, TUĐI INTERESI, KAKO I DA SE OGRADI OD TAKVITE NASTAPI I DA GI OSUDI.

TOA MOZEBI NEKOMU KE MU IZGLEDA NEPOTREBNO, NO MENE MI E POVEKE STRAV OD SOPSTVENATA DESTRUKTIVNOST, ODKOLKU OD TUDĐTE ASPIRACII.

24.O8.’92 J.MANČEVSKI

Скопје

VII/3

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Киро Поповски.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, наоѓајќи се во приквечерието на одржувањето на Лондонската конференција, очекував дека со многу поголем дигнитет денешната седница ќе ја одржиме. Мислам дека во Лондон Македонија оди со чист и високо достоинство и тоа ние треба да го одбраниме на оваа седница нема Република од поранешна Југославија со таков образ и со такво достоинство што заминува за во Лондон. Меѓутоа, имам впечаток дека како да не расправаме за Лондон и како во Лондон да не се решава нашата судбина. Оттаму, ве повикувам сите во завршувањето на оваа седница да се определиме со јасни ставови во името на нашата суверена и самостојна Македонија. Да му пожелиме добар пат на претседателот со уверување како и секогаш досега успешно Македонскиот интерес на Република Македонија ќе го брани и ќе го одбрани, бидејќи сите аргументи и сите досегашни потврди говорат во наш прилог. Она што мене денес ме загрижува, одејќи денес ,кон оваа седница рано наутро мислам дека Лондонската конференција само е дел од патот низ кој поминуваме. Денес се држи одборите и во Обединетите нации, се држат седници и на комитетите на НАТО. Основна тема е поранешна Југославија. Мислам дека тука е сржта и суштината на проблемот. Не е логичко само продолжување на Лондонската конференција на над Бадентеровата комисија, мислам дека Лондонската конференција по мој впечаток е посебна шанса за мирно решавање на проблемот на бивша Југославија. Оттаму дијалогот на Лондонската конференција би рекол, исклучиво пресуден ќе биде за настаните во Југославија што ќе следат по неа. Затоа, мислам дека се работи за еден нов квалитет во услови кога Бадентеровата комисија западна во длабока криза и кога врз едни нови темели, врз нови основи целата меѓународна samблеа се собира во Лондон

да реши еден од клучните проблеми во светот, кој што за жал, се случуваат на територијата на бивша Југославија во наша непосредна близина. Затоа, мислам дека нашата делегација има доволно аргументи, доволно ставови од овој Парламент да даде одговор во директен дијалог со секој учесник на таа конференција.

Пак ќе повторам со чист образ и високо достоинство, одговор кој што се темели на сите тие принципи за кои Европа се прокламира за иднина, а и светот. Од тие причини, имајќи предвид дека во до- сегашните подготовки што претседателот ги спроведе во името на пратеничката група^^имав можност да дадам целосна поддршка на појдовните основи, а воедно целосна поддршка и на претседателот на Републиката и господинот Денко Малески. Сакам само во оваа прилика да изразам потреба претседателот да ја искористи оваа исклучителна прилика која што Република Македонија ја добива за прв пат во својата историја и јасно и гласно на сите тие господа да искаже дека на оваа територија живее еден народ македонски, дека една држава македонска, која има длабоки свои историски корени, дека има своја култура и свои белези, со која култура и историја ја задолжила и светската култура. Од тие причини дека секогаш и на секого јасно и гласно сме искажувале своите јасни определби за мирно решавање на сите проблеми за рамноправен дијалог, за рамноправен третман на сите граѓани што живеат во Република Македонија. Дека сме спремни да градиме општество што ќе биде пример во светот.

Оттаму не навлегувајќи во основните определби на појдовните основи, за кои целосно реков давам поддршка, предлагам едногласно тие појдовни основи да ги подржиме и да ги прифатиме, бидејќи ценам дека се доволно широки и доволно јасни во рамките на тие определби претседателот во сите бројни дијалози кој што ќе се покренат, да даде чист

и јасен одговор и став од Република Македонија, како за разрешување на кризата во бивша Југославија така и за статусот на Република Македонија и за јасните определби на овој Парламент и. на овој народ во иднина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Михаил Пановски.

Ве молам, дали уште некој друг бара збор? (никој)

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, веднаш на почетокот сакам да кажам дека немам некои конкретни забелешки околу Платформата и околу појдовните основи, но ќе дадам лична моја оценка за Платформата за тоа што јас оваа Платформа ја сметам за еден вид алиби пред домашната јавност во случај за неуспех или било какви негативни консеквенции по нас од оваа Конференција.

Господинот Стипе Месиќ во едно свое интервју пред неколку дена кажа дека после оваа конференција ништо повеќе нема да биде како што беше на овие балкански простори, а јас:можеби сум малку депримирачки расположен, после 6-ти април и пресвртот кој што настана околу Македонија во Европската заедница и пошироко, му давам толку значење на оваа изјава на господинот Стипе Месиќ. Мислам дека ние многу повеќе требаше нашата дипломатија да оствари контакти со сите учесници на оваа конференција да им ги образложи нашите ставови нашата ситуација, блокадите;со кои што сме соочени, нашиот јужен и северен сосед итн., итн. Мислам дека тука ќе учествуваат и членки на оваа конференција како што е Кина и некои други кои што мислам дека не се доволно запознати со ситуацијата на нашите простори и сметам дека многу повеќе требаше да направиме во тој поглед.

Инаку, го подржувам она, исто така во тој поглед и пратеникот Гоце Андоновски што го кажа околу работата на нашата дипломатија, дека не се искористени сите потенцијали.

VII/6

Сметам дека и ги ценам заложбите околу изработката на оваа Платформа,-но мислам дека ние треба тука да појдеме исклучиво од виталните македонски интереси, мислам дека не треба многу да се бавиме со Босна и Херцеговина, со Косово итн.

Главни работи за кои што Македонија треба да се залага на оваа конференција се признавањето на Македонија и укажувањето на учесничките на оваа конференција околу блокадите и околу однесувањето на нашиот јужен сосед. Затоа, ценам дека е од големо значење на оваа конференција да присуствува и некој еминентен наш историчар, како би можел на поубедлив начин да им ја претстави нашата ситуација и нашата македонска трагедија.

Искажувам загриженост, тоа го реков и на 6-ти август 1991 година, значи скоро пред повеќе од 1 година, кога се дискутираше околу референдумското прашање и оној фамозен втор дел со право да стапи во сојуз на суверени држави на Југославија бидејќи тогаш инсистирав која е таа Југославија, бидејќи друго е Југославија од 6 Републики, постојни 6 држави, а друго е некој редуциран облик на таа Југославија.

Господинот Селмани ако не се лажам рече дека поедини, како што кажа поедини политички челници на Македонија со телото се во Македонија а со душата се во Србија, кажано едно многу тешко обвинување, а јас само го повторувам неговото тврдење. Не сакам ни да демантирам ни да потенцирам.

Уште нешто, го подржувам господинот Тодор Петров во делот каде што вели јас ги ценам напорите и работата на нашиот министер Денко Малески, но мислам дека оставка поднесена во знак на протест, на однесувањето на Европската заедница и после тоа еден или два месеци да се оди пред таа Европска заедница мислам дека е само односно ќе ја покаже сериозноста наша во тој поглед.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (НИКОЈ) Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Предлагам стенографските белешки од оваа седница, се што е речено на говорницата и прилогот што од предложената дискусија на господинот Јован Манчевски, како и Извештајот на Комисијата и прилозите на Платформата кои се дадени од поедини пратеници или пратенички групи итно да му се достават на претседателот за да му користат во разговорите и во неговите подготовки за разговорите на Лондонската конференција.

Дали се согласувате со овој предлог? (се согласуваат)

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Четириесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 14,40 часот)